РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-719/2
22-05-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31-вата седница одржана на 22.04.2026 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-719/1 од 11.02.2026 година, **СЕ ОТФРЛА** поради тоа што нема јасни наводи за незаконити дејствија на службени лица при вршење на службената должност и нема можност да се обезбедат дополнителни информации за наводите во пријавата.

Предметот со број 12-719/1 од 11.02.2026 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на непознат подносител, на ден 11.02.2026 година, е поднесена пријава со наводи за сомневање за незаконско постапување на инспектор за труд, врз основа на која е оформен предмет број 12-719/1 од 11.02.2026 година.

Во пријавата подносителот не го навел идентитетот на пријавеното службено лице – инспектор, ниту пак ја посочува инспекциската постапка на која се однесуваат наводите, па со оглед дека пријавата не е јасна и не содржи доволно податоци за да се конкретизираат наводите со цел да може по истата да се постапува, а имајќи предвид дека подносителот е непознат и не можат да бидат

обезбедени дополнителни податоци, следуваше Државната комисија истата да ја отфрли.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., член на ДКСК